РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање мислење од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кое од Комисијата се бара мислење за постоење на судир на интереси согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијат на судир на интереси во ситуација кога блиско лице на пратеник во Собранието на РСМ е одговорно лице/управител на радиостаница со оглед на тоа дека со член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е предвидено следното:

„Политички партии, државни органи, органи на државна управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавни функции и членовите на нивните семејства **не можат да вршат радиодифузна дејност** ниту да бидат основачи, соосновачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на
радиодифузерите.“

Во врска со доставеното барање, Комисијата укажа дека предметното барање не се однесува на околности што се во рамките на нејзините надлежности определени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно не се исполнети условите за постапување по евентуален судир на интереси согласно наведениот закон. Сепак, Комисијата укажува дека членот 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги претставува обврзувачка правна норма која пропишува забрана за носителите на јавни функции и членовите на нивните семејства да вршат радиодифузна дејност, да бидат основачи, соосновачи или да стекнуваат учество во сопственоста на радиодифузери. Почитувањето на оваа одредба е задолжително за сите лица на кои се однесува.

Дополнително, согласно член 40 од истиот закон, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна за утврдување на повреда на забраната утврдена во член 38 од истиот Закон. Во таа смисла, постапувањето по конкретниот случај, вклучително и утврдувањето на евентуална повреда, е во исклучива надлежност на Агенцијата, применувајќи ги одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со посебниот закон не е определено поинаку.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk